SAVA
OSIGURUVANJE
Сава осигурување а.д.
Ул. Железничка бр. 41
1000, Скопје
T: +3892 5101 500
E: contact@sava.mk
W: www.sava.mk

# Известување за обработка на личните податоци на кандидати за вработување при аплицирање за работа

## 1. Контролор

- Контролор во процесот на обработка на личните податоци на кандидатите за вработување при аплицирање за работа е САВА Осигурување АД Скопје
- За дополнителни информации за САВА Осигурување, посетете ја веб страната https://mk.sava.insure/

## 2. Краток опис на процесот на обработка на личните податоци

Обработката на личните податоци е за целите на процесот на селекција на кандидати за вработување во САВА Осигурување. Притоа, потребни ни се вашите податоци за да можеме да процениме дали сте соодветен кандидат за огласената позиција за која аплицирате. Врз основа на истото, ќе Ве контактираме за понатамошни чекори и може да ве поканиме на интервју, тест или, доколку е потребно, да ни дадете дополнителни информации за вас.

## 3. Целта на ова Известување и негов правен основ

Ние ги обработуваме Вашите лични податоци врз основа на Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ бр. 42 од 16.02.2020).

Информациите во прилог на ова Известување се согласно член 17 од Законот за заштита на личните податоци.

## 4. Кои лични податоци ги обработуваме и кој има пристап до нив?

Ги обработуваме само оние лични податоци кои ги имате наведено во личната биографија што ја испраќате за аплицирање на огласената позиција.
Ги обработуваме податоците кои што Ве идентификуваат и Вашите контакт податоци (име, презиме/ националност/ датум на раѓање/ e-mail адреса/ телефонски број).
Исто така, може да обработуваме и друга документација која би ни ја пратиле во прилог на личната биографија, како на пример сертификати, препораки и слично.

До Вашите лични податоци пристап може да имаат само вработените во Самостојна служба за човечки ресурси, кои се одговорни за процесот на избор на кандидати.

## 5. Од каде ги добиваме Вашите лични податоци?

Личните податоци кои се обработуваат ги добиваме лично од вас.

## 6. Зошто ги обработуваме Вашите лични податоци и врз која законска основа?

Вашите лични податоци ги обработуваме за да избереме соодветен кандидат кој би ја пополнил отворената работна позиција.

Вашите лични податоци ги обработуваме како преддоговорна активност, односно законскиот основ на обработката е исполнување на договор каде што вие сте договорна страна или за преземање на активности на барање на субјектот на личните податоци пред негово пристапување кон договорот (чл. 10 ст. 1 ал. 2 од Законот за заштита на личните податоци).

## 7. Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?

Вашите податоци ќе ги чуваме до крајот на процесот на селекција и подолго во следните два случаи:

- ако склучите договор за вработување со нас, и
- доколку при поднесување на вашата апликација се согласите да бидете информирани за идните можности за вработување во нашата компанија, и тоа за период од 12 месеци, освен ако претходно не ја отповикате согласноста.

## 8. Кои се Вашите права во однос на личните податоци?

Имате право да пристапите до личните податоци што ги обработуваме за Вас и до релевантни информации кои се однесуваат за тоа како ги обработуваме. Исто така, имате право да побарате да ги избришеме вашите лични податоци или да ја ограничите нивната обработка.
Имате право да приговорите на нашата обработка на Вашите лични податоци, во било кое време. Ние ќе го разгледаме Вашето Барање, ќе донесеме одлука и ќе Ве известиме за истата.

Образецот на Барањето, можете да го преземете на следниот линк: https://mk.sava.insure/mk-mk/privatnost-i-zastita-na-licnite-podatoci/izvestuvanje-za-privatnost/?mode=no-cookie-notice.

Вашето Барање може да го испратите до САВА Осигурување преку пошта во затворен плик или преку e-mail на адресата ozlp@sava.mk.

## 9. Кои се корисници на Вашите лични податоци и дали истите се пренесуваат на трети лица?

Вашите податоци не ги пренесуваме на никого, освен на нашиот договорен персонал кои обработуваат податоци исклучиво според нашите упатства и под наша контрола.

Вашите лични податоци не се пренесуваат во трета земја.

## 10. Како да ја повлечете Вашата согласност?

Вашата согласност може да ја повлечете во секое време со доставување на Барање за повлекување на согласноста за обработка на вашите лични податоци од базата на кандидати за вработување.

## 11. Автоматско донесување на одлуки

Обработката на личните податоци не се користи за автоматско донесување на одлуки.

## 12. Право на жалба за начинот на обработка на Вашите лични податоци

Доколку имате некакви забелешки или жалби во врска со начинот на кој што Ви ги обработуваме Вашите лични податоци, во секое време може да го контактирате нашиот Офицер за заштита на личните податоци на e-mail на адресата ozlp@sava.mk.

Исто така, во секое време имате право да поднесете жалба до Агенцијата за заштита на личните податоци https://azlp.mk.

## 13. Контакт информации

Доколку сакате да го контактирате нашиот Офицер за заштита на личните податоци, тоа може да го сторите преку e-mail адресата ozlp@sava.mk, или преку пошта со назнака до Офицер за заштита на личните податоци.

Поштенската адреса на САВА Осигурување е: ул. Железничка бр. 41, 1000 Скопје.